# ‚Нема муслиман што ќе земе абдест темелно, а потоа ќе клања два реката со целосна посветеност на срцето и лицето, а Џенетот да не му биде задолжителен.‘

Од Укбе бин Амир, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Бевме задолжени да се грижиме за камилите. Кога дојде мојата смена, ги напоив до вечерта, а потоа отидов и го затекнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како стои и ги поучува луѓето. Го слушнав како вели: ‚Нема муслиман што ќе земе абдест темелно, а потоа ќе клања два реката со целосна посветеност на срцето и лицето, а Џенетот да не му биде задолжителен.‘ Тогаш реков: ‚Колку е прекрасен овој говор!‘ Но некој пред мене рече: ‚Претходниот говор беше уште попрекрасен.‘ Кога погледнав, го видов Омер, кој ми рече: ‚Те видов дека штотуку дојде.‘ И продолжи: ‚Нема ниту еден од вас што ќе земе абдест темелно и потполно, а потоа ќе изговори: Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Неговиот роб и пратеник – а да не му се отворат осумте врати на Џенетот, за да може да влезе низ која сака.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, додека ги поучувал луѓето, истакнал две големи вредности: Првата: Кој ќе земе абдест на темелен, потполн и правилен начин, следејќи го Сунетот, така што секој дел од телото ќе биде измиен со доволна количина вода, а потоа ќе изговори: „Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Неговиот роб и пратеник,“ ќе му се отворат осумте врати на Џенетот, и ќе може да влезе низ која сака. Втората: Кој ќе земе ваков темелен абдест, а потоа ќе клања два реката со искрена посветеност на срцето, со смиреност и покорност пред Аллах, и со скрушеност на сите делови од телото, ќе му биде загарантиран Џенетот.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee